Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ " бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство ( „Сл. весник на РМ" бр. 67/04, 81/2007 и 55/2013, 158/2014) член 2 и 5 од Законот за управување со кризи("Службен весник на Република Македонија" број 29/2005 и 36/2011, 41/2014), член 4, став 2 и чл.9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10 18 /2011 и 41/2014) и член 14, став 1 т.11 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/10),Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 14.11.2014 година,донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа**
**на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и**
**управување со кризи во 2015 година**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Крива Паланка во 2015 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Просторни сили за заштита и спасување,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Крива Паланка
- Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Крива Паланка.

**I. Цели:**

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

**II. Активности:**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Крива Паланка. создавање на услови за воспоставување, развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето на територијата на општината.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Средства од Буџетот на РМ;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила (КАСКО) и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица

**IV. Распоредување на финансиските средства:**

Приходи за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

**Приходи**

| | |
|---|---|
| 1. Наменска дотација | 5.390.000,00 |
| 2. Наплатени премии од каско осигурување | 380.000 |
| 3. Буџет на Општина Крива Паланка | 1.512.000,00 |
| 4. Приходи од сопствени извори на ТППЕ | / |
| 5. **Вкупно** | **7.282.000,00 денари** |

**А.) Расходи за противпожарна заштита**:

| | |
|---|---|
| 1. Плати,наемнини и надоместоци за вработените | 5.390.000,00 |
| 2. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 640.000,00 |
| 3. Поправки и тековно одржување на возила | 200.000,00 |
| 4. Набавка на гуми и резервни делови за ПП возила | 150.000,00 |
| 5. Набавка на техничка и заштитна опрема | 100.000,00 |

| | |
|---|---|
| 6. Регистрација на возила | 70.000,00 |
| 7. Обука- договорни услуги (трибини, обуки) | 100.000,00 |
| 8. Контролни лекарски прегледи на пожарникарите | 32.000,00 |
| 9. Учество во проекти и програми | 100.000,00 |
| 10. **Вкупно** | **6.782.000,00 денари** |

**Б). Расходи за заштита и спасување:**

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер на средства | 50.000,00 |
| 2. Набавка на опрема и средства | 250.000,00 |
| **3. Вкупно:** | 300.000,00 **денари** |

**В). Расходи за управување со кризи:**

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер на средства | 30.000,00 |
| 2. Набавка на опрема и средства | 170.000,00 |
| **3. Вкупно:** | 200.000,00 **денари** |
| **Вкупно расходи А, Б + В:** | **7.282.000,00 денари** |

**V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Крива Паланка, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Крива Паланка, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на Денот на пожарниците;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави
- поддршка и учество во проектни активности

**VI. Завршни одредби:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Крива Паланка и општинската администрација.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Општина Крива Паланка ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2015 година.

**Бр.07-2823/21**
**14.11.2014 год.**
**Крива Паланка**

**Советот на Општина Крива Паланка**
**Претседател,**
**Мр. Борче Стојчевски**